НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), а во врска со точка 8 од Одлуката за пропишување на начинот, формата и роковите за доставување податоци и/или информации од листата на најрепрезентативните услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 276/22), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**
**за начинот на доставување податоци и информации за споредба на надоместоците на најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се уредува начинот на доставување податоци и информации коишто давателите на платежни услуги се должни да ги доставуваат до Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), а коишто се однесуваат на надоместоците што ги наплатуваат од потрошувачите за најрепрезентативните услуги поврзани со платежна сметка (во натамошниот текст: најрепрезентативни услуги).

Податоците и информациите од став 1 од ова упатство се доставуваат за целите на споредба на надоместоците за најрепрезентативните услуги коишто ќе се објавуваат на веб-страницата којашто ја одржува Народната банка.

## II. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ

2. Давателите на платежни услуги се должни до Народната банка да ги доставуваат:

2.1. Сите информативни документи за надоместоците во согласност со Одлуката за утврдување на листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22) (во натамошниот текст: информативни документи за надоместоците) коишто ги има давателот на платежни услуги во својата понуда.

2.2. Податоците и информациите за надоместоците за најрепрезентативните услуги за платежни сметки во денари коишто не се нудат како дел од пакет услуги.

2.3. Податоците и информациите за надоместоците за најрепрезентативните услуги за платежни сметки во валута различна од денари коишто не се нудат како дел од пакет услуги.

3. Информативните документи за надоместоците и податоците и информациите од точка 2 од ова упатство се доставуваат за следниве категории:

А) „ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ ВО ДЕНАРИ – КОРИСНИЦИ НА ЗАКОНСКИ ПРАВА";

Б) „ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ ВО ДЕНАРИ";

В) „ПЛАТЕЖНА СМЕТКА ВО ДЕНАРИ" – платежни сметки во денари коишто не се опфатени со ниту една од категориите од потточките А и Б од оваа точка и

Г) „ПЛАТЕЖНА СМЕТКА ВО ВАЛУТА РАЗЛИЧНА ОД ДЕНАРИ".

4. Давателите на платежни услуги се должни да обезбедат дека податоците и информациите доставени во согласност со точка 2 од ова упатство соодветствуваат на податоците и информациите содржани во важечката тарифа што се применува за соодветните услуги што се наплатуваат од потрошувачите и ги вклучуваат конечните цени, коишто потрошувачите ги плаќаат за истите услуги, вклучувајќи данок на додадена вредност за услугите коишто подлежат на овој данок.
Податоците и информациите доставени од давателите на платежни услуги треба да ги вклучуваат само надоместоците на услугите коишто се валидни во моментот на нивно објавување од страна на Народната банка и се корисни за потрошувачот, под услов да се почитуваат условите на давателот на платежни услуги и да се во согласност со важечката регулатива.

5. Давателите на платежни услуги ги доставуваат при секоја измена сите информативни документи за надоместоците и сите податоци од информативниот документ за надоместоците за платежните сметки од точка 2 од ова упатство, независно од тоа дали доставуваат, бришат или исправуваат одреден податок со што ги заменуваат сите претходно доставени податоци од давателот на платежни услуги, и тоа на датумот наведен во известувањето коешто се доставува. Наведениот датум во известувањето е датум од којшто Народната банка ќе ја ажурира својата веб-страница за доставениот податок.

6. Давателите на платежни услуги ги доставуваат податоците и информациите од точка 2 од ова упатство со датотеки во форматот XML според техничките инструкции за начинот на доставување податоци за објава и споредба на надоместоците и во согласност со одлуката со која е уредено поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка.

Информативните документи за надоместоците од точка 2.1 од ова упатство се доставуваат во форматот ПДФ според стандардот ИСО 32000 од „најмалку спецификација PDF 1.7", при што еден документ во ПДФ е еден информативен документ за надоместоци. За секој информативен документ за надоместоци (документ во ПДФ), давателите на платежни услуги утврдуваат еднозначен назив, односно еден давател на платежни услуги не може да има повеќе информативни документи за надоместоци со ист назив на документот во ПДФ.

7. Во случаи на неможно доставување на датотеките во согласност со точка 6 од ова упатство, информативните документи за надоместоците, податоците и информациите се доставуваат на хартија или на друг траен медиум на официјалната адреса на Народната банка.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

8**.** Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Гувернер**
**на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**У бр. 02-1707/1**
**18.01.2023 година**
**Скопје**